РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

# ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ НАСПРОТИ ПРИМЕНАТА НА АКТУЕЛНИОТ ЗАКОН ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ ВО ОДНОС НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА ОД СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Судија Сузана Милевска
Основен суд Кочани

Скопје , март 2023


пристап до
правда за сите

# СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

## ПОИМ

СЕКУНДАРНАТА ПРАВНА ПОМОШ Е ВИД НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ КОЈА СЕ ОБЕЗБЕДУВА ОД СТРАНА НА АДВОКАТ ЗАПИШАН ВО РЕГИСТАР НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ (РЕГИСТАР НА АДВОКАТИ).

СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ДАВААТ АДВОКАТИ ВО ПОСТАПКА ПРЕД СУД, ДРЖАВЕН ОРГАН, ФОНД ЗА ПИОМ, ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЛИЦА КОИ ВРШАТ ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА СОГЛАСНО ОДРЕДБИТЕ ОД ОВОЈ ЗАКОН.

# СРЕДСТВА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- СРЕДСТВАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ДАДЕНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ОД БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО, КАКО И ОД ДОНАЦИИ И ДРУГИ ПРИХОДИ СОГЛАСНО СО ЗАКОН.

- ОДОБРЕНАТА СЕКУНДАРНА ПОМОШ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕКИНЕ СОГЛАСНО ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- ВО СЛУЧАИ УТВРДЕНИ СО ОВОЈ ЗАКОН КОРИСНИКОТ ГИ НАДОМЕСТУВА ТРОШОЦИТЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ, ВО ЦЕЛОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО.

# ПРАВО И ОПСЕГ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ СЕ ОДОБРУВА НА ЛИЦЕ:**

- КОЕ ИМА ПОТРЕБА ОД СТРУЧНА ПРАВНА ПОМОШ ОД АДВОКАТ
- САМО ЗА КОНКРЕТНА ПРАВНА РАБОТА И
- КОЕ НЕ Е ВО МОЖНОСТ ДА ГИ ПЛАТИ ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА ЗАРАДИ НЕГОВАТА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА И ЧИЕ БАРАЊЕ Е ОПРАВДАНО

**СЕКУНДАРНАТА ПРАВНА ПОМОШ ОПФАЌА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ПРЕД:**

- СУД (ВО СИТЕ СТЕПЕНИ ВО ГРАЃАНСКИ СУДСКИ ПОСТАПКИ, УПРАВНИ ПОСТАПКИ И СПОРОВИ)
- ФОНДОТ ЗА ПИОМ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА
- ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА
- ЛИЦА КОИ ВРШАТ ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА (НОТАРИ, ИЗВРШИТЕЛИ, ПОД УСЛОВИ ОД ЧЛЕН 14)
- ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ТРОШОЦИТЕ СОГЛАСНО ОДРЕДБИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ОВОЈ И ДРУГ ЗАКОН

# ПРАВО НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**ПРАВО ДА ПОДНЕСЕ БАРАЊЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ИМА:**

- ЛИЦЕ ДРЖАВЈАНИН НА Р.С.МАКЕДОНИЈА СО ПОСТОЈАНО ЖИВЕАЛИШТЕ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА
- СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИН СО ДОЗВОЛА ЗА ПРИВРЕМЕН ИЛИ ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ИЛИ ЛИЦЕ БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО КОЕ ЗАКОНСКИ ПРЕСТОЈУВА ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА
- ЛИЦЕ КОЕ ИМА ПРАВО НА ПРАВНА ПОМОШ ОБЕЗБЕДЕНА ОД Р.С.МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОГОВОРИ РАТИФИКУВАНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО УСТАВОТ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА
- БАРАТЕЛ НА ПРАВОТО НА АЗИЛ

# ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## БАРАЊЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

ПОСТАПКАТА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ЗАПОЧНУВА СО ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ОД ЗАИНТЕРЕСИРАНОТО ЛИЦЕ ДО ПОДРАЧНОТО ОДДЕЛЕНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА КОЕ СЕ НАОЃА НА ПОДРАЧЈЕТО НА КОЕ ЛИЦЕТО ИМА ЖИВЕАЛИШТЕ ИЛИ ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ

БАРАЊЕТО СЕ ПОДНЕСУВА ЛИЧНО, ПРЕКУ ПОШТА ИЛИ ПРЕКУ ОВЛАСТЕНО ЗДРУЖЕНИЕ НА ОБРАЗЕЦ ПРОПИШАН ОД МИНИСТЕРОТ

ЛИЦЕТО Е ДОЛЖНО ДА ДАДЕ ТОЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ПРАШАЊЕ ЗА КОЕ БАРА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, ЗА СВОЈАТА И ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО, И ДА ДОСТАВИ ДОКАЗИ-ДОКУМЕНТИ ЗА СВОИТЕ НАВОДИ

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

ПРАВО ДА ДОБИЕ БЕСПЛАТНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ИМА ЛИЦЕ КОЕ ПОРАДИ СВОЈАТА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НЕ МОЖЕ ДА ГИ ОСТВАРИ СВОИТЕ СО УСТАВ И ЗАКОН ЗАГАРАНТИРАНИ ПРАВА, БЕЗ ДА ГО ЗАГРОЗИ СОПСТВЕНОТО И ИЗДРЖУВАЊЕТО НА СВОЕТО СЕМЕЈСТВО

ЧЛЕН 18

- ПИСМЕНА ИЗЈАВА ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
- УСЛОВИ ВО ОДНОС НА МЕСЕЧНИ ПРИХОДИ
- УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ИМОТОТ
- ОПРАВДАНОСТ НА БАРАЊЕТО
- ШТО НЕ СЕ СМЕТА КАКО ПРИХОД
- УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ КОГА БАРАТЕЛОТ НЕМА РЕДОВНИ МЕСЕЧНИ ПРИХОДИ

# ОДОБРУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ БЕЗ УТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

- БАРАТЕЛОТ Е СМЕСТЕН ВО ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО, УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- ВО ПОСТАПКИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

- ВО ТЕШКА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ЛИЦЕТО ДОШЛО ПОРАДИ ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

- КОН БАРАЊЕТО ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ДОСТАВУВА ДОКАЗ ЗА НАВЕДЕНИТЕ ОКОЛНОСТИ

# УСЛОВИ ЗА ПРИХОД НА БАРАТЕЛОТ

ЧЛЕН 18

(1) СЕ СМЕТА ДЕКА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА БАРАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО Е ЗАГРОЗЕНА СО ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА АКО:

- МЕСЕЧНИОТ ПРИХОД НА БАРАТЕЛОТ КОЈ ЖИВЕЕ САМ НЕ ГО НАДМИНУВА ИЗНОСОТ НА МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА, УТВРДЕНА СО ПРОПИСИТЕ ОД ОБЛАСТА НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА
- МЕСЕЧНИТЕ ПРИХОДИ НА БАРАТЕЛОТ КОЈ ЖИВЕЕ ВО ЗАЕДНИЧКО ДОМАЌИНСТВО СО ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО НЕ ГО НАДМИНУВА ИЗНОСОТ НА МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА ОД СТАВОТ (1) АЛИНЕЈА (1) НА ОВОЈ ЧЛЕН И МИНИМАЛНИОТ ПРИХОД НА СЕКОЈ НАРЕДЕН ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВОТО НЕ ГО НАДМИНУВА ИЗНОСОТ ОД 20% ОД МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА УТВРДЕНА СО ПРОПИСИТЕ ОД ОБЛАСТА НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА

# ШТО СЕ СМЕТА ЗА МЕСЕЧЕН ПРИХОД

**КАКО МЕСЕЧЕН ПРИХОД НА БАРАТЕЛОТ НА ПРАВНА ПОМОШ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО СЕ СМЕТА:**

-НЕТО ПЛАТА

-ПЕНЗИЈА ОСТВАРЕНА ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ИЛИ ВО СТРАНСТВО

-ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

-ПРИЈАВЕНИ ИЛИ ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

-ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ОД ЗЕМЈОДЕЛИЕ ИЛИ РУРАЛЕН РАЗВОЈ ОСТАВАРЕНИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

-ВОЕНА ИЛИ ЦИВИЛНА ПОМОШ

-ПРИХОДИ ОД ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

-ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

-ПРИХОД ОД ИМОТ

-ПАРИЧНИ СРЕДСТВА КАЈ НОСИТЕЛОТ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

-ЗАКОНСКА ИЗДРШКА

-ПОДАРОЦИ ЗА КОИ СЕ ПЛАЌА ДАНОК НА ДОХОД СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОХОД

# ШТО НЕ СЕ СМЕТА ЗА ПРИХОД

КАКО ПРИХОД ОД СТАВОТ (2) НА ОВОЈ ЧЛЕН НЕ СЕ СМЕТА:

-ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

-РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ДЕТЕ

-НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ

-СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

-ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ

-ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ И ПОМОШ ВО НАТУРА

-ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТЕНО ЛИЦЕ И НАДОМЕСТОК ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕ ВО ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО

-ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

-ЗАКОНСКА ИЗДРШКА ЗА ДЕТЕ КОА СЕ УСОГЛАСУВА СО ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

-ПАРИЧНА ПОМОШ ЗАА СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ

-НАДОМЕСТОК ЗА ПОПИШУВАЧОТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО

-СТИПЕНДИЈА

-СРЕДСТВА ОДОБРЕНИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА МЕДИЦИНСКО ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

ДОДАТОК ЗА ГЛУВОСТ

-ДОДАТОК ЗА СЛЕПИЛО И МОБИЛНОСТ

-НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ЗА СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ ПОРАДИ НЕГА НА ДЕТЕ СО ТЕЛЕСНИ ИЛИ МЕНТАЛНИ ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

-ПАРИЧНА ПОМОШ НА ЛИЦЕ КОЕ ДО 18 ГОДИНИ ВОЗРАСТ ИМАЛО СТАТУС НА ДЕТЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

-

# УСЛОВИ ЗА ИМОТОТ НА БАРАТЕЛОТ

ЧЛЕН 19

(1) СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ЌЕ МУ СЕ ОДОБРИ НА БАРАТЕЛОТ, ДОКОЛКУ ВРЗ ОСНОВА НА ДОСТАВЕНАТА ИЗЈАВА ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА БАРАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО СЕ УТВРДИ ДЕКА:

-БАРАТЕЛОТ ИЛИ ЧЛЕНОВИ НА НЕГОВОТ СЕМЕЈСТВО ИМААТ ВО СОПСТВЕНОСТ САМО ЕДЕН ЕДНОСОБЕН ОБЈЕКТ ИЛИ СТАН КАКО ПОСЕБЕН ДЕЛ  ОД ЗГРАДАТА ВО КОЈ ЖИВЕАТ

-ПОКРАЈ ОВОЈ ИМОТ ИМААТ ВО СОПСТВЕНОСТ ЕДНА ИЛИ ПОВЕЌЕ ФИЗИЧКИ ПОВРЗАНИ КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ ВО ВКУПНА ПОВРШИНА НЕ ПОГОЛЕМА ОД 300 М2 ВО ГРАД СКОПЈЕ  ИЛИ 500 М2 ВО ДРУГИ ОПШТИНИ ИЛИ НЕ ПОГОЛЕМА ОД 5000 М2 ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ И

-ИМААТ САМО ЕДНО ВОЗИЛО ЧИЈА РАБОТНА ЗАФАТНИНА НЕ Е ПОГОЛЕМА ОД 1 200 КУБНИ МЕТРИ

# ШТО НЕ СЕ СМЕТА КАКО ИМОТ ВО СМИСЛА НА ОВОЈ ЗАКОН

- ПРЕДМЕТИ КОИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ СЕ ИЗЗЕМАНИ ОД ИЗВРШУВАЊЕ
- ПРИХОД ОД ИМОТ ШТО СПОРЕД ОВОЈ ЗАКОН СЕ ЗЕМА ПРЕДВИД ПРИ ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ НА БАРАТЕЛОТ НА ПРАВНА ПОМОШ ИЛИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО СЕМЕЈСТВО
- РЕГИСТРИРАНО ПАТНИЧКО ВОЗИЛО КОЕ БАРАТЕЛОТ ГО КОРИСТИ ЗА ПРЕВОЗ НА ИНВАЛИДНО ЛИЦЕ ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВОТО И
- ПРИРОДНО НЕПЛОДНО ЗЕМЈИШТЕ ( КАМЕЊАРИ, ДОЛОВИ И ДР.) КАКО И ЛИВАДИ, ПАСИШТА, ТРСТИЦИ И МОЧУРИШТА ОД 5, 6, 7 И 8 КЛАСА, СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

# ОПРАВДАНОСТ НА БАРАЊЕТО

СЕ СМЕТА ДЕКА БАРАЊЕТО Е НЕОПРАВДАНО АКО:

-Е ОЧИГЛЕДНО ДЕКА БАРАЊЕТО Е НЕОСНОВАНО ПОРАДИ НЕПОСТОЕЊЕ НА ПРАВНИ ФАКТИ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ПРЕЗЕМЕНИ ПРАВНИ ДЕЈСТВИЈА

-СЕ РАБОТИ ЗА ОЧИГЛЕДНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

-ПРАВНОТО ПРАШАЊЕ ЗА КОЕ СЕ БАРА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ Е ОЧИГЛЕДНО НЕРАЗУМНО

-ОЧЕКУВАЊАТА И БАРАЊАТА НА БАРАТЕЛОТ СЕ ОЧИГЛЕДНО ВО СПРОТИВНОСТ СО ИСХОДОТ НА ПОСТАПКАТА

-БАРАЊЕТО Е СПРОТИВНО НА МОРАЛОТ

# ОСНОВИ ЗА ОДБИВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

ЧЛЕН 22

**БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ЌЕ СЕ ОДБИЕ ДОКОЛКУ:**

-БАРАТЕЛОТ НЕ ВЛЕГУВА ВО КАТЕГОРИИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ЧЛЕН 15

-ЗА ТОА ПРАВНОТО ПРАШАЊЕ НЕ Е ПРЕДВИДЕНА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

-БАРАЊЕТО Е НЕОПРАВДАНО

-БАРАЊЕТО Е НЕНАВРЕМЕНО

-ПО ДАДЕНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ НЕ Е ПОТРЕБНА СЕКУНДАРНА ПОМОШ

-НЕ ГИ ПЛАТИЛ ТРОШОЦИТЕ НА КОИ БИЛ ЗАДОЛЖЕН ОД ПРЕТХОДНО

-ВО ЦАРИНСКИ И ДАНОЧНИ РАБОТИ

-ВО БАРАЊА ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

-НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА (ОСВЕН ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ И ТЕЖОК ИНВАЛИДИТЕТ)

-ПРЕКРШОЦИ

-ОДНОСИ ОД ЈАВНИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ

-НЕСРАЗМЕРНОСТ НА ТРОШОЦИТЕ

-НЕ ПОМИНАЛЕ ШЕСТ МЕСЕЦИ ОД ПРЕКИНОТ НА ДАВАЊЕ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

-АДВОКАТОТ ДОСТАВИЛ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НЕЦЕЛИСХОДНОСТ НА ПОСТАПКАТА

-ИМОТНИ ПРАШАЊА ВО УПРАВНА ПОСТАПКА

# ПОСТАПКА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ЧЛЕН 23

ОВЛАСТЕНОТО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО РОК ОД 15 ДЕНА Е ДОЛЖНО:

-ДА ГИ ПРИБАВИ СИТЕ ПОТРЕБНИ ПОДАТОЦИ

-ДА ИСПИТА ДАЛИ СЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ СЕКУНДАРНА ПОМОШ

-ДА ИЗГОТВИ ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ИЛИ ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

-ДА ОРГАНИЗИРА СРЕДБА СО АДВОКАТОТ

-ДА ИЗВРШИ ПРОВЕРКА НА ПОДАТОЦИТЕ ДАДЕНИ ВО ПИСМЕНАТА ИЗЈАВА

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРЕНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

СО ПОТВРДАТА СО КОЈА СЕ ОДОБРУВА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ СЕ:

-ОВЛАСТУВА НАЗНАЧЕНИОТ АДВОКАТ (ОД СТРАНА НА ОВЛАСТЕНОТО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ОД ПОДРАЧНАТА СЛУЖБА НА МИНИСТЕРСТВОТО РЕДОСЛЕДНО ОД ЛИСТАТА НА АДВОКАТИ)

-СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА КОРИСНИКОТ Е ОСЛОБОДЕН ОД СУДСКИ ТАКСИ И ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА

-СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА КОРИСНИКОТ Е ОСЛОБОДЕН ОД ТРОШОЦИ ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ (ВЕШТАЧЕЊЕ СЕ ОБЕЗБЕДУВА ПРЕКУ БИРОТО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВЕШТАЧЕЊА)

-СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА КОРИСНИКОТ Е ОСЛОБОДЕН ОД АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

# ПОСТАПКА ПО ПРИГОВОР ПО ОДБИЕНО БАРАЊЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- ПРОТИВ ИЗВЕСТУВАЊЕТО СО КОЕ Е ОДБИЕНО БАРАЊЕТО ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ БАРАТЕЛОТ ИМА ПРАВО НА ПРИГОВОР ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

- МИНИСТЕРСТВОТО ВО РОК ОД 10 ДЕНА ДОНЕСУВА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ ИЛИ ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

- РЕШЕНИЕТО СО КОЕ СЕ ОДОБРУВА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ СЕ ДОСТАВУВА ДО СТРАНКАТА И АДВОКАТОТ КОЈ ЌЕ БИДЕ ОПРЕДЕЛЕН

- РЕШЕНИЕТО СО КОЕ СЕ ОДБИВА БАРАЊЕТО СЕ ДОСТАВУВА САМО ДО СТРАНКАТА

- ПРОТИВ ОВА РЕШЕНИЕ СТРАНКАТА ИМА ПРАВО ДА ПОВЕДЕ УПРАВЕН СПОР ПРЕД НАДЛЕЖЕН СУД

-ИТНОСТ НА ПОСТАПКАТА (ЧЛЕН 25)

# ПРЕКИН НА ОДОБРЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

МИНИСТЕРОТ ЌЕ ДОНЕСЕ РЕШЕНИЕ СО КОЕ СЕ ПРЕКИНУВА ОДОБРЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ:

- НА БАРАЊЕ НА КОРИСНИКОТ
- ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА КОРИСНИКОТ (ОСВЕН АКО ПОСТАПКАТА Е ПРОДОЛЖЕНА ОД НЕГОВИТЕ НАСЛЕДНИЦИ)
- АКО АДВОКАТОТ ДОСТАВИЛ ИЗВЕСТУВАЊЕ ДЕКА Е НЕЦЕЛИСХОДНО ПОНАТАМОШНО ДАВАЊЕ НА ПРАВНА ПОМОШ
- КОРИСНИКОТ НЕ СОРАБОТУВА СО АДВОКАТОТ
- КОРИСНИКОТ ПОВЕЌЕ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- СЕ УТВРДИ ДЕКА СЕ ДАДЕНИ ЛАЖНИ ПОДАТОЦИ

РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ СЕ ДОСТАВУВА ДО КОРИСНИКОТ И АДВОКАТОТ.

КОРИСНИКОТ ИМА ПРАВО ПРОТИВ ОВА РЕШЕНИЕ ДА ПОВЕДЕ УПРАВЕН СПОР

# НАДОМЕСТ НА ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ЗА НЕОПРАВДАНО ДОБИЕНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

ЛИЦЕТО КОЕ КОРИСТЕЛО СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ИМА ОБВРСКА ВО ЦЕЛОСТ ДА ГИ НАДОМЕСТИ ИСПЛАТЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НЕОСНОВАНО ДОБИЕНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ НА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА АКО:

1.ДАЛО ЛАЖНИ ПОДАТОЦИ СО ЦЕЛ ДА ДОБИЕ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

2.НЕ ГИ ПОЧИТУВАЛО ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕН 28 НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

-НЕ ГИ ИСПОЛНУВАЛО УСЛОВИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
-НЕ ГИ ПРИЈАВИЛО ПРОМЕНИТЕ НА ФАКТИТЕ И ОКОЛНОСТИТЕ
-НЕ СОРАБОТУВА И НЕ ГИ ДОСТАВУВА НАВРЕМЕНО БАРАНИТЕ ПОДАТОЦИ
-НЕ СТАПИЛО ВО КОНТАКТ СО НАЗНАЧЕНИОТ АДВОКАТ И НЕ ГО ИЗВЕСТУВА НАВРЕМЕНО ЗА СПРЕЧЕНОСТ ДА СЕ ЈАВИ НА ЗАКАЖАНИОТ СОСТАНОК

ДОКОЛКУ СЕ УТВРДИ ДЕКА КОРИСНИКОТ НЕОПРАВДАНО ДОБИВАЛ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ , ИСТИОТ Е ДОЛЖЕН ДА ГИ НАДОМЕСТИ ИСПЛАТЕНИТЕ СРЕДСТАВА ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ВО БУЏЕТОТ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА

-

# ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

## ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- КОНТИНУИРАНО ДА ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД ОДДЕЛОТ 3 ГЛАВА II ОД ЗАКОНОТ
- ВО СЛУЧАЈ НА ПРОМЕНА НА ФАКТИТЕ И ОКОЛНОСТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ОСТВАРЕНОТО ПРАВО ДА ГО ИЗВЕСТИ МИНИСТЕРСТВОТО ВО РОК ОД 7 ДЕНА ОД ДОЗНАВАЊЕТО
- ОБВРСКА ДА СОРАБОТУВА И ДА ГИ ДОСТАВУВА БАРАНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО И АДВОКАТОТ
- ДА СТАПИ ВО КОНТКАТ СО ПОСТАВЕНИОТ АДВОКАТ (НАЈДОЦНА ВО РОК ОД ДВА МЕСЕЦИ ОД ПРВАТА НЕРЕАЛИЗИРАНА СРЕДБА)
- НАВРЕМЕНО ДА ГО ИЗВЕСТИ АДВОКАТОТ ДОКОЛКУ НЕ Е ВО МОЖНОСТ ДА ПРИСУСТВУВА
- НА ПРЕТХОДНО ДОГОВОРЕНИОТ СОСТАНОК НАЈДОЦНА ПЕТ ДЕНА ПРЕД ЗАКАЖАНИОТ СОСТАНОК
- ДОКОЛКУ СЕ УТВРДИ ДЕКА НЕОПРАВДАНО ДОБИЛ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ДА ГИ НАДОМЕСТИ ИСПЛАТЕНЕТИ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ (СОГАСНО ЧЛЕН 27)

# АДВОКАТОТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**ЗАПИШУВАЊЕ НА АДВОКАТОТ ВО РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ**

-ПОСТАПКА (ЧЛЕН 29, 30, 31)

**РАЗРЕШУВАЊЕ НА АДВОКАТОТ**

- ПО НЕГОВО БАРАЊЕ
- АКО НЕ СОРАБОТУВА СО МИНИСТЕРСТВОТО
- БЕЗ ОСНОВА ОДБИЕ ДА ДАДЕ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- АКО ВО ПОВЕЌЕ НАВРАТИ МИНИСТЕРСТВОТО НЕ МОЖЕ ДА СТАПИ ВО КОНТАКТ СО АДВОКАТОТ ПОРАДИ НЕПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНА НА АДРЕСА ИЛИ ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ
- ПОСТАПКА ПРИ ОДБИВАЊЕ НА ЗАПИШУВАЊЕ НА АДВОКАТОТ ВО РЕГИСТАРОТ

# НАЗНАЧУВАЊЕ, ПРОМЕНА, ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА АВОКАТОТ

- НАЗНАЧУВАЊЕ НА АДВОКАТОТ
- ПРОМЕНА НА НАЗНАЧЕНИОТ АДВОКАТ
- ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА АДВОКАТОТ
- ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПОМОШ
- НАДОМЕСТОК НА АДВОКАТИТЕ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

# ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

ЧЛЕН 33

АДВОКАТОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ПОДНЕСУВА ТРОШКОВНИК:

- ДО НАДЛЕЖНИОТ СУД ЗА ПРЕДМЕТОТ, ИЗГОТВЕН СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА И ТАРИФАТА ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ ДОНЕСЕНА ОД СТРАНА НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА

- ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА НАЈДОЦНА ВО РОК ОД 15 ДЕНА ОД ПРАВОСИЛНОСТА НА ОДЛУКАТА, ИЗГОТВЕН СОГЛАСНО ЧЛЕН 34 ОД ОВОЈ ЗАКОН

# НАДЗОР И УВИД, ТРАНСПАРЕНТОНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ДАВАЊЕТО БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- НАДЗОР НАД ДАДЕНАТА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- УВИД ВО ДАВАЊЕТО СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- ДЕНОВИ НА БЕСПЛАТЕН ПРАВЕН СОВЕТ

- ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# ПОДАТОЦИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА ЗА 2021 ГОД.

| | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| Број на поднесени барања | 207 | 295 |
| Број на одобрени барања | 132 | 203 |
| Број на одбиени барања | 49 | 65 |
| Број на донесени решенија со кои се прекинува одобрената секундарна правна помош | 14 | 13 |

# БУЏЕТ И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

СО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА ЗА 2021 ГОД. БИЛЕ ОДОБРЕНИ 5.000.000,00 ДЕН. СЕРДСТВА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ А РЕАЛИЗИРАНИ САМО 1.736.258,00 ДЕН.

ВРЗ ОСНОВА НА РЕШЕНИЈА НА АДВОКАТИ И АДВОКАТСКИ ДРУШТВА ВО 2021 ГОД. БИЛЕ ИСПЛАТЕНИ 1.697.103,00 ДЕН/, А НА ЗДРУЖЕНИЈА 39.155,00 ДЕН.

СО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА ЗА 2022 ГОД. ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ БИЛЕ ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 5.000.000,00 ДЕН.

ВО 2021 ГОД. НЕМА ИЗВРШЕНО ПОВРАТ НА СРЕДСТВА СО НАПЛАТА НА ТРОШОЦИТЕ ИСПЛАТЕНИ ЗА НЕОСНОВАНО ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ.

# НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- ФОРМИРАНО ВО ЈАНУАРИ 2020 ГОД. СО ПОДРШКА НА ПРОЕКТОТ ,,ПОДРШКА ЗА ПОДОБАР ПРИСТАП ДО ПОКВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ
- КАКО ФОРУМ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ, КОМУНИКАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА ПОМЕЃУ ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ СО ТЕМИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДАТА НА НАЦИОНАЛНО НИВО
- ВО 2021 ГОД. ОДРЖАНИ ТРИ СОСТАНОЦИ
- ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

- ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ ПРОСТОРНИ И ТРХНИЧКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗАРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА НАЗНАЧУВАЊЕ НА АДВОКАТ

- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РАСПИШУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ДАВАТЕЛИ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА АЗИЛ

- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОСТАВЕНИОТ ТОШКОВНИК ОД СТРАНА НА АДВОКАТОТ ЗА ДАДЕНАТА ПОМОШ НА ДЕЦА

- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИК ЗА ДАДЕНА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД АДВОКАТ

- ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕШАВАЊЕТО НА ПОДНЕСЕНИТЕ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ И СО

ДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ

- ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ И ВО РЕГИСТАРОТ НА ФАКУЛТЕТИТЕ ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

-ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

-ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

-ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

-ТАРИФА ЗА НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

# РЕГИСТРИРАНИ ЗДРУЖЕНИЈА, ПРАВНИ КЛИНИКИ И АДВОКАТИ

СПОРЕД ПОСЛЕДНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО МИНСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА СЕ РЕГИСТРИРАНИ 15 ЗДРУЖЕНИЈА, 5 ПРАВНИ КЛИНИКИ И 460 АДВОКАТИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# ЗАКОН ЗА СУДСКИ ТАКСИ ТАКСЕН ОБВРЗНИК

ЧЛЕН 3
(1) ТАКСИТЕ ПРОПИШАНИ СО ОВОЈ ЗАКОН Е ДОЛЖНО ДА ГИ ПЛАТИ ЛИЦЕТО ПО ЧИЈ ПРЕДЛОГ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА ИЛИ ВО ЧИЈ ИНТЕРСЕ СЕ ПРЕЗЕМААТ ДЕЈСТВИЈАТА ВО ПОСТАПКАТА (ВОНАТАМОШНИОТ ТЕКСТ ТАКСЕН ОБВРЗНИК.
(2) ЗА ОДЛУКА НА СУД СО КОЈА ПОДНЕСОКОТ СЕ ОТФРЛА КАКО ПОДНЕСЕН ОД НЕОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ, ТАКСАТА Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ПЛАТИ ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПОДНЕСОКОТ СО КОЈ СЕ ИНИЦИРАЛА ПОСТАПКАТА.
(3) ЗА ПОДНЕСОЦИТЕ ИЛИ ЗАПИСНИЦИТЕ ШТО ГИ ЗАМЕНУВААТ НИВ, ТАКСАТА Е ДОЛЖНО ДА ЈА ПЛАТИ ЛИЦЕТО КОЕ ГИ ПОДНЕСУВА, ОДНОСНО ЛИЦЕТО ПО ЧИЕ БАРАЊЕ СЕ СОСТАВУВА ЗАПИСНИК.
(4) ЗА ОДЛУКАТА НА СУДОТ ТАКСАТА Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ПЛАТИ ТУЖИТЕЛОТ, ОДНОСНО ПРЕДЛАГАЧОТ, А ЗА СУДСКОТО ПОРАМНУВАЊЕ – ДВЕТЕ СТРАНКИ, ДОКОЛКУ ПОИНАКУ НЕ СЕ СПОГОДИЛЕ.
(5) КОГА СПОРЕД ЗАКОНОТ ДВЕ ИЛИ ПОВЕЌЕ ЛИЦА СЕ ДОЛЖНИ ДА ЈА ПЛАТАТ ТАКСАТА ЗАЕДНО, ОБВРСКАТА Е СОЛИДАРНА.
(6) ВО ОСТАВИНСКАТА ПОСТАПКА НАСЛЕДНИЦТЕ СЕ ДОЛЖНИ ТАКСАТА ДА ЈА ПЛАТАТ СРАЗМЕРНО СО ГОЛЕМИНАТА НА НАСЛЕДНИОТ ДЕЛ, АКО ПОСТАПКАТА СЕ ВОДИ ПРЕД СУД ВО СЛУЧАИ ПРЕДВИДЕНИ СО Законот за вонпарнична постапка.
(7) Кога оставунската постапка се води пред нотар како повереник на судот не се плаќа такса, освен такса за поднесување на предлог пред суд.

# ДОБИЕНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ ПО ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

| Подрачно одделение | Вк. Број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срб. | Влас. | Др. |
| ПО Кратово | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Крива Паланка | 32 | / | / | 18 | 1 | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Берово | 37 | 7 | 30 | 30 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| ПО Битола | 24 | 11 | 13 | 12 | 1 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Македонски Брод | 4 | 2 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Виница | 6 | 3 | 3 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Валандово | 45 | 29 | 16 | 15 | 0 | 5 | 15 | 0 | 0 | 10 |
| ПО Гевгелија | 11 | 4 | 7 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гостивар | 24 | 23 | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| ПО Дебар | 35 | 22 | 13 | / | / | / | / | / | / | / |
| ПО Делчево | 21 | 13 | 8 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ДОБИЕНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ ПО ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

| Подрачно одделение | Вк. Број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срб. | Влас. | Др. |
| ПО Демир Хисар | 54 | 34 | 20 | 49 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кавадарци | 112 | 53 | 59 | 83 | 9 | 0 | 17 | 0 | 0 | 3 |
| ПО Кичево | 19 | / | / | 7 | 2 | 1 | 8 | 0 | 0 | 1 |
| ПО Кочани | 4 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Прилеп | 16 | 10 | 6 | / | / | / | / | / | / | / |
| ПО Радовиш | 103 | 83 | 20 | 85 | 0 | 0 | 18 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Неготино | 50 | 20 | 30 | 27 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 |
| ПО Охрид | 3 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Ресен | 67 | 35 | 32 | 37 | 19 | 4 | 7 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Св. Николе | 5 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ДОБИЕНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ ПО ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

| Подрачно одделение | Вк. Број на лица кои добиле ППП | Пол | | Етничка припадност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Срб. | Влас. | Др. |
| ПО Струга | 36 | 12 | 24 | / | / | / | / | / | / | / |
| ПО Струмица | 96 | 56 | 40 | 60 | 0 | 34 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| ПО Тетово | 162 | 94 | 68 | 24 | 123 | 3 | 12 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Куманово | 35 | | | | | | | | | |
| ПО Штип | 33 | 23 | 10 | 19 | 0 | 3 | 11 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Карпош | 50 | 18 | 32 | 35 | 10 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кисела Вода | 47 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ПО Гази Баба | 27 | | | | | | | | | |
| ПО Центар | 35 | | | | | | | | | |
| ПО Чаир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ПО ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања | Број на одобрени барања | Број на одбиени барања | Во постапка | Број на донесени решенија со кои се прекинува СПП |
|---|---|---|---|---|---|
| ПО Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Крива Паланка | 8 | 5 | 3 | 0 | 0 |
| ПО Берово | 5 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| ПО Битола | 24 | 22 | 2 | 0 | 0 |
| ПО Македонски Брод | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Виница | 4 | 3 | 0 | 1 | 0 |
| ПО Валандово | 24 | 19 | 5 | 0 | 0 |
| ПО Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Гостивар | 3 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| ПО Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Делчево | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| ПО Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ПО ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања | Број на одобрени барања | Број на одбиени барања | Во постапка | Број на донесени решенија со кои се прекинува СПП |
|---|---|---|---|---|---|
| ПО Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Кичево | 6 | 5 | 1 | 0 | 0 |
| ПО Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Прилеп | 5 | 4 | 0 | 1 | 0 |
| ПО Радовиш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Неготино | 22 | 18 | 4 | 0 | 0 |
| ПО Охрид | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Ресен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПО Свети Николе | 5 | 4 | 0 | 0 | 1 |
| ПО Струга | 4 | 1 | 2 | 0 | 1 |
| ПО Струмица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ТАКСЕНИ ОБВРСКИ

Член 4

(1) ТАКСАТА СЕ ПЛАЌА КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ТАКСЕНАТА .ОБВРСКА

(2) АКО СО ОВОЈ ЗАКОН НЕ Е ПОИНАКУ ОПРЕДЕЛЕНО ТАКСЕНАТА ОБРСКА НАСТАНУВА:

1.ЗА ПОДНЕСОЦИТЕ - КОГА СЕ ПРЕДАВААТ, А ЗА ПОДНЕСОЦИТЕ НА ЗАПИСНИК –КОГА ЗАПИСНИКОТ Е ЗАВРШЕН.

2.ЗА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ-КОГА НА СТРАНКАТА ИЛИ НЕЈЗИНИОТ ЗАСТАПНИК ЌЕ МУ СЕ ВРАЧИ ПРЕПИС НА ОДЛУКАТА

3.ЗАСУДСКИ ПОРАМНУВАЊА КОГА ЌЕ СЕ СКЛУЧАТ.

4.ВО ПОСТАПКА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНА-КОГА ПРЕДЛОГОТ СТРАНКАТА ГО ПРЕДАВА НА СУДОТ

5.ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА-КОГА СЕ ПОДНЕСУВА ПРЕДЛОГ ЗА ПОВЊДУВАЊЕ СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА.

6.ЗА СУДСКИ ПРЕПИСИ-КОГА ЌЕ СЕ ПОБАРАТ

7.ЗА ПРЕПИС НА НОТАРСКИ И ДРУГИ СПИСИ КОИ СЕ ЧУВААТ ВО СУДОТ –КОГА ЌЕ СЕ ПОБАРААТ.

8.ЗА ДРУГИ ДЕЈСТВИЈА-КОГА ЌЕ СЕ ПОБАРА НИВНО ПРЕЗЕМАЊЕ.

# ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАТЕНА ИЛИ НЕЦЕЛОСНО ПЛАТЕНА СУДСКА ТАКСА

ЗАКОН ЗА СУДСКИ ТАКСИ (Сл.весник на РМ бр.114/09)

Член 6

(1) НЕЦЕЛОСНО ПЛАТЕНА ИЛИ НЕПЛАТЕНАТА ТАКСА ГО ЗАДРЖУВА ТЕКОТ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА, АКО СО ОВОЈ ИЛИ ДРУГ ЗАКОН ПОИНАКУ НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНО.

(2) ПО БАРАЊЕ НА СТРАНКАТА СУДОТ Е ДОЛЖЕН ДА ГИ ПРИМИ НЕПОСРЕДНО ОД СТРАНКАТА И ПОДНЕСОЦИТЕ ЗА КОИ НЕ Е ПЛАТЕНА СУДСКА ТАКСА ИЛИ НЕЦЕЛОСНО Е ПЛАТЕНА.

# ЧЛЕН 8 ОД ЗАКОН ЗА СУДСКИ ТАКСИ

СУДСКИТЕ ТАКСИ СЕ ПРИХОД НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТАКСИ

ЧЛЕН 10

(1) ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТАКСИ СЕ ОСЛОБОДЕНИ Р.С.МАКЕДОНИЈА, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЦРВЕН КРСТ, СТРАНСКИ ДРЖАВИ И ДРЖАВЈАНИ, МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, АКО Е ТОА ПРЕДВИДЕНО СО МЕЃУНАРОДЕН ДОГОВОР РАТИФИКУВАН СОГЛАСНО УСТАВОТ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА ИЛИ ПОД УСЛОВ НА РЕЦИПРОЦИТЕТ.

(2) ВО СЛУЧАЈ НА ПОСТОЕЊЕ НА СОМНЕНИЕ ЗА РЕЦИПРОЦИТЕТ, МИСЛЕЊЕ ДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА.

**ТАКСИТЕ НЕ СЕ ПЛАЌААТ ВО СЛУЧАИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ДРУГ ЗАКОН.**

**ЗИД НА ЗСТ (СЛ.ВЕСНИК БР.106/13**

**ЧЛЕНОТ 11 СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

,,ОСЛОБОДЕНИ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТАКСА СЕ: ПОРАНЕШНИ ВРАБОТЕНИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕ ОД РАБОТЕН ОДНОС КАЈ СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СТЕЧАЈ, ГРАЃАНИТЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА, ВО УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ, СОЦИЈАЛНАТА ПОМОШ, СТАРАТЕЛСТВОТО, ПОСВОЈУВАЊЕТО, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА, И ГРАЃАНИТЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БАРАЊЕ НА ДОВЕРУВАЊЕ НА ДЕТЕ НА ЧУВАЊЕ И ВОСПИТУВАЊЕ.,,

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА СУДСКИ ТАКСИ

ЧЛЕН 12

(1)СТАРАТЕЛОТ НА ОТСУТНО ЛИЦЕ ЧИЕ ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ Е НЕПОЗНАТО, СТАРАТЕЛОТ НА ИМОТ ЧИЈ СОПСТВЕНИК Е НЕПОЗНАТ, КАКО И ПРИВРЕМЕНИОТ ЗАСТАПНИК НА СТРАНКАТА ПОСТАВЕН ОД СУДОТ ВО ПОСТАПКАТА ШТО СЕ ВОДИ ПРЕД СУДОТ, **НЕ ПЛАЌА ТАКСА ЗА ЛИЦЕТО КОЕ ГО ЗАСТАПУВА.**

(2) ТАКСИТЕ ОД СТАВОТ (1) НА ОВОЈ ЧЛЕН СЕ НАПЛАТУВААТ ОД ИМОТОТ НА ЛИЦЕТО КОЕ Е ЗАСТАПУВАНО.

(3) НЕПЛАТЕНИТЕ ТАКСИ ОД СТАВОТ (1) НА ОВОЈ ЧЛЕН СУДОТ ГИ ВНЕСУВА ВО ПОПИСОТ НА ТАКСИТЕ И ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПОСТАПКАТА ПОСТАПУВА СОГЛАСНО ЧЛЕНОТ 29 ОД ОВОЈ ЗАКОН.

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТАКСИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИ ТАКСИ

ЧЛЕН 13

(1) СУДОТ ЌЕ ЈА ОСЛОБОДИ ОД ПЛАЌАЊЕ ТАКСА СТРАНКАТА АКО СО ПЛАЌАЊЕТО НА ТАКСАТА ЗНАЧИТЕЛНО БИ БИЛЕ НАМАЛЕНИ СРЕДСТВАТА СО КОИ СЕ ИЗДРЖУВА СТРАНКАТА ИЛИ ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕЈЗИНОТО СЕМЕЈСТВО.

(2) СУДОТ МОЖЕ НА СТРАНКАТА ДА И ГО ОДЛОЖИ ПЛАЌАЊЕТО НА ТАКСАТА СЕ ДО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ИЛИ ДА И ДОЗВОЛИ ПЛАЌАЊЕ НА ТАКСАТА НА РАТИ

(3) РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТАКСА, ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ТАКСА ИЛИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА РАТИ СУДОТ ДОНЕСУВА ПО ПРЕДЛОГ НА СТРАНКАТА ВО РОК ОД ПЕТ ДЕНА ОД ДЕНОТ НА ПОДНЕСЕНИОТ ПРЕДЛОГ.

(4) КОН ПРЕДЛОГОТ СТРАНКАТА ПРИЛОЖУВА ДОКАЗ ИЗДАДЕН ОД НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ИМОТНАТА СОСТОЈБА КОЈА СЕ УТВРДУВА ВРЗ ОСНОВА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРИХОДИ ПО СИТЕ ОСНОВИ НА ТОА ЛИЦЕ, КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НЕГОВОТО ДОМАЌИНСТВО СО КОИ ЖИВЕЕ, И ИЗЈАВА ЗА НЕГОВАТА МАТЕРИЈАЛНО-СОЦИЈАЛНА СОСТОЈБА ВО ПЕРИОДОТ ОД ШЕСТ МЕСЕЦИ ПРЕД ПОДНЕСУВА НА ПРЕДЛОГОТ.

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТАКСИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

ЧЛЕН 163

СУДОТ ЌЕ ЈА ОСЛОБОДИ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА СТРАНКАТА КОЈА СПОРЕД СВОЈАТА ОПШТА ИМОТНА СОСТОЈБА НЕ Е ВО МОЖНОСТ ДА ГИ ПОДНЕСУВА ТРОШОЦИТЕ БЕЗ ШТЕТА НА СВОЈАТА НУЖНА ИЗДРШКА И НУЖНА ИЗДРШКА НА СВОЕТО СЕМЕЈСТВО.

ОВА ОСЛОБОДУВАЊЕ **ОПФАЌА:** ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ **НА СУДСКИ ТАКСИ** И ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПОЛАГАЊЕ НА АВАНС ЗА ТРОШОЦИТЕ ЗА СВЕДОЦИТЕ, ВЕШТАЦИТЕ, ЗА УВИД И СУДСКИ ОГЛАСИ.

ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА, СУДОТ ГРИЖЛИВО ГИ ЦЕНИ СИТЕ ОКОЛНОСТИ, А ОСОБЕНО ЌЕ ЈА ЗЕМЕ ВО ПРЕДВИД ВРЕДНОСТА НА ПРЕДМЕТНИОТ СПОР, БРОЈОТ НА ЛИЦАТА ШТО ГИ ИЗДРЖУВА СТРАНКАТА И ПРИХОДИТЕ ШТО ГИ ИМААТ СТРАНКАТА И ЧЛЕНОВИТЕ НЕ НЕЈЗИНОТО СЕМЕЈСТВО.

# РЕШЕНИЕ

## ЧЛЕН 14 ОД ЗСТ

(1) РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТАКСА СЕ ДОНЕСУВА ПОСЕБНО ЗА СЕКОЈА ТАКСЕНА ОБВРСКА.

(2) РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ТАКСА СУДОТ ЌЕ ГО УКИНЕ ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА АКО УТВРДИ ДЕКА СТРАНКАТА Е ВО СОСТОЈБА ДА ЈА ПЛАТИ ТАКСАТА. ПРИТОА СУДОТ ЌЕ ОДЛУЧИ ДАЛИ СТРАНКАТА ВО ПОТПОЛНОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО ЌЕ ЈА ПЛАТИ ТАКСАТА ЗА КОЈА ПОРАНО БИЛА ОСЛОБОДЕНА.

## ЧЛЕН 167 ОД ЗПП

(1) РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОЛНОМОШНИК ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА МОЖЕ ДА ГО УКИНЕ АКО УТВРДИ ДЕКА СТРАНКАТА Е ВО СОСТОЈБА ДА ГИ ПОДНЕСУВА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА. ПРИТОА СУДОТ ЌЕ РЕШИ ДАЛИ СТРАНКАТА НАПОЛНО ИЛИ ДЕЛУМНО ЌЕ ГИ НАДОМЕСТИ И ОНИЕ ТРОШОЦИ И ТАКСИ ОД КОИ ПОРАНО БИЛА ОСЛОБОДЕНА, КАКО И ТРОШОЦИТЕ И НАГРАДАТА НА НАЗНАЧЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК.

# ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 165 ОД ЗПП НАСПРЕМА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

ЧЛЕН 165

(1) КОГА СТРАНКАТА НАПОЛНО Е ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА (ЧЛЕН 163 СТАВ 2) ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ПО НЕЈЗИНО БАРАЊЕ ЌЕ ОПРЕДЕЛИ ДА ЈА ЗАСТАПУВА ПОЛНОМОШНИК, АКО ТОА Е НУЖНО ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СТРАНКАТА.

(2) СТРАНКАТА НА КОЈА И Е НАЗНАЧЕН ПОЛНОМОШНИК СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И НАГРАДАТА НА НАЗНАЧЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК.

(3) ПОЛНОМОШНИКОТ ОД РЕДОТ НА АДВОКАТИТЕ ГО НАЗНАЧУВА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

(4) НАЗНАЧЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК МОЖЕ ОД ОПРАВДАНИ ПРИЧИНИ ДА БАРА ДА БИДЕ РАЗРЕШЕН, ЗА ТОА ОДЛУЧУВА НАДВОР ОД ГЛАВНАТА РАБОТА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ, А НА САМАТА РАСПРАВА СОВЕТОТ. ПРОТИВ ОДЛУКАТА НА СУДОТ СО КОЈА СЕ РАЗРЕШУВА ПОЛНОМОШНИКОТ НЕ Е ДОЗВОЛЕНА ЖАЛБА.

(5) ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО НА СУДОР СО КОЕ СЕ УСВОЈУВА БАРАЊЕТО НА СТРАНКАТА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОЛНОМОШНИК НЕ Е ДОЗВОЛЕНА ЖАЛБА.

# ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОВИТЕ 166 И 167 ОД ЗПП НАСПРЕМА ЗАКНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

ЧЛЕН 166

КОГА СТРАНКАТА Е НАПОЛНО ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА (ЧЛЕН 163 СТАВ 2), ОД СРЕДСТВАТА НА СУДОТ ЌЕ СЕ ИСПЛАТИ АВАНС ЗА ТРОШОЦИТЕ НА СВЕДОЦИТЕ, ВЕШТАЦИТЕ, ПРЕВЕДУВАЧИТЕ, ТОЛКУВАЧИТЕ, ЗА УВИД И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СУДСКИ ОГЛАС, КАКО И ТРОШОЦИРТЕ ЗА ПОСТАВЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК.

ЧЛЕН 167

(1) РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОЛНОМОШНИКОТ ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА МОЖЕ ДА ГО УКИНЕ АКО УТВРДИ ДЕКА СТРАНКАТА Е ВО СОСТОЈБА ДА ГИ ПОДНЕСУВА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА. ПРИТОА СУДОТ ЌЕ РЕШИ ДАЛИ СТРАНКАТА НАПОЛНО ИЛИ ДЕЛУМНО ЌЕ ГИ НАДОМЕСТИ ОНИЕ ТРОШОЦИ И ТАКСИ ОД КОИ ПОРАНО БИЛА ОСЛОБОДЕНА, КАКО И ТРОШОЦИТЕ И НАГРАДАТА ЗА НАЗНАЧЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК.

(2) ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ СЕ НАДОМЕСТАТ ИЗНОСИТЕ ИСПЛАТЕНИ ОД СРЕДСТВАТА НА СУДОТ.

# ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 168 И 169 ОД ЗПП НАСПРЕМА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТАНА ПРАВНА ПОМОШ

ЧЛЕН 168

(1)ТАКСИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ИСПЛАТЕНИ ОД СРЕДСТВАТА НА СУДОТ, КАКО И ФАКТИЧКИТЕ ИЗДАТОЦИ И НАГРАДАТА НА НАЗНЕЧЕНИОТ ПОЛНОМОШНИК, ПРЕТСТАВУВААТ ДЕЛ ОД ПАРНИЧНИТЕ ТРОШОЦИ.

(2) ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ОВИЕ ТРОШИЦИТЕ ОД СТРАНА НА ПРОТИВНИКОТ НА СТРАНКАТА КОЈА Е ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА СУДОТ ЌЕ ОДЛУЧИ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ.

(3) ТАКСИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ИСПЛАТЕНИ ОД СРЕДТВАТА НА СУДОТ ГИ НАПЛАТУВА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ОД СТРАНКАТА КОЈА Е ДОЛЖНА ДА ГИ НАДОМЕСТИ.

(4) АКО ПРОТИВНИКОТ НА СТРАНКА КОЈА Е ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА Е ЗАДОЛЖЕНА ДА ГИ НАДОМЕСТИ ПАРНИЧНИТЕ ТРОШОЦИ, А ЌЕ СЕ УТВРДИ ДЕКА ТОЈ НЕ Е ВО СОСТОЈБА ДА ГИ ПЛАТИ ТИЕ ТРТОШОЦИ, СУДОТ МОЖЕ ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ОПРЕДЕЛИ ТРОШОЦИТЕ ОД СТАВОТ (1) НА ОВОЈ ЧЛЕН ДА ГИ ПЛАТИ ВО ЦЕЛОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО СТРАНКАТА КОЈА Е ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА ОД ОНА ШТО И Е ДОСУДЕНО. СО ТОА НЕ СЕ ЗАДИРА ВО ПРАВОТО НА ОАА СТРАНКА ЗА ОНА ШТО ГО ПЛАТИЛА ДА БАРА НАДОМЕСТОК ОД ПРОТИВНИКОТ.

ЧЛЕН 169

НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА ШТО ЌЕ НАСТАНАТ ПРЕД СУДОВИТЕ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА ГО УТВРДУВА СО ПРАВИЛНИК МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА.

# ТАРИФА ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ

ОПШТИ ОДРЕДБИ (ВАЖАТ ОД 28.01.2020 ГОД.)

II. БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА**

ЗА СОСТАВ НА ОБРАЗЛОЖЕНИ ПОДНЕСОЦИ, ТУЖБИ И ЖАЛБИ, КАКО И ЗА ПРИСУСТВО НА ОДРЖАНИТЕ РОЧИШТА, УВИДИ И ВЕШТАЧЕЊА, НАГРАДАТА ИЗНЕСУВА 70% ОД ПРЕДВИДЕНАТА ВО ТОЧКА 2.

**УПРАВНА ПОСТАПКА**

ЗА СОСТАВ НА БАРАЊА И ЖАЛБА ПРЕД НАДЛЕЖЕН ОРГАН НАГРАДАТА ИЗНЕСУВА ВКУПНО 6.000,00 ДЕН.

**УПРАВНИ СПОРОВИ**

ЗА СОСТАВ НА ОБРАЗЛОЖЕНИ ПОДНЕСОЦИ, ТУЖБИ, ЖАЛБИ, КАКО И ЗА ПРИСУСТВО НА ОДРЖАНИ РОЧИШТА, УВИД И ВЕШТАЧЕЊА, НАГРАДАТА ИЗНЕСУВА 7.000,00 ДЕН.

КОГА ПРАВНАТА ПОМОШ СЕ ДАВА НА ДЕЦА ВО ПОСТАПКИТЕ ПРЕД ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА, НАГРАДАТА ИЗНЕСУВА 4.000,00 ДЕНАРИ.

# ИЗРЕКА НА ОДЛУКАТА НА СУДОТ ВО ДЕЛОТ ЗА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА

КОГА СТРАНКАТА КОРИСНИК НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ЌЕ УСПЕЕ ВО ПОСТАПКАТА И СУДОТ СО ОДЛУКАТА ЌЕ ЈА ЗАДОЛЖИ СПРОТИВНАТА СТРАНКА ДА ГИ НАДОМЕСТИ ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА ШТО НАСТАНАЛЕ СО ДАВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ НА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА Р.С.МАКЕДОНИЈА А НЕ НА СТРАНКАТА КОРИСНИК НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ

# Б Л А Г О Д А Р А М

## НА ВНИМАНИЕТО

СУДИЈА СУЗАНА МИЛЕВСКА
ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

# ПРАШАЊА, ДИЛЕМИ, ДИСКУСИИ

